НОВА МАКЕДОНИЈА
Пензионерски видици
ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
Година IV
број 39
28 Март
2008 год.

# ПРОГРАМА
## за работа на Извршниот одбор на Собранието на СЗПМ за 2008 год.

Долгорочната програма за работа на Собранието на СЗПМ за четворогодишниот циклус 2007-2010 год. продолжува да се реализира и во оваа година. Нема голема разлика во проблематиката на која ќе се ангажираат Извршниот одбор и неговите тела во оваа година споредено со 2007 год.Највидната разлика е создадена со измените и дополнувањата на Законот за пензиско инвалидското осигурување донесени во декември 2007 год.

1. И во оваа година доминантна задача произлегува од следењето, проучувањето и реализирањето на уставните и законските права:

- Повеќегодишните барања за зголемување на пензиите конечно вродиа со плод.Годинава се очекува да заживеат во практиката промените на формулата по која ќе се усогласуваат пензиите со порастот на трошоците за живот и платите во Републиката (50% со 50%) со што се надмина неповолната формула (40% со 20%). Ќе се следи примената почнувајќи од усогласувањето за прво полугодие на оваа година.

-Годинава ќе се реализира и зголемувањето на пензиите донесено во почетокот на оваа година. Ќе се следи реализацијата и евентуално, ќе се интервенира ако за тоа има потреба, а таа е секогаш присутна.

- Ќе се организира спроведување на законската одредба за доставување на членарина на здруженијата на пензионерите како дел од промените во Законот за ПИОМ.

- Доколку Уставниот суд на Република Македонија ја усвои иницијативата за поништување на нововоспоставената законска норма за функционирање на солидарниот фонд, ќе се ангажира за враќање на состојбата пред промените, а доколку Судот не ја прифати Иницијативата, ќе се ангажира во спроведување на Законот што подобро.

- Ќе продолжи со напорот за реализација на барањето во Управниот одбор на ФПИОМ да има претставник на СЗПМ, односно пензионери.

- Ќе продолжи со ангажирање на подобрување на состојбите во здравството, односно поефтинување на лекови, подобро снабдување и полесно набавување на лековите, олеснето добивање на рецепти за терапија до три месеци за хронични заболувања и поголемо ослободување од партиципација за лекови и здравствени услови.

2. Ќе продолжат ангажирањата за натамошен институционален и организациски развој на нашава организација преку:

- разгледување и внесување во Статутот на СЗПМ новини наметнати од работата-практиката и новини корисни за Сојузот.

- подршка и поттикнување на промени во Статутите на здруженијата на пензионерите.

- Иницирање и подршка на активности во здруженијата, за помош на пензионерите во случај на болест, тешки семејни несреќи од различен вид, користење на бањи и лечилишта по поповолни услови, организирање патувања и посети на места и објекти од историско, културно, туристичко и друго значење. Сето тоа да се засновува на норми предвидени во акти на Здруженијата (правилници, пропозиции и друга нормативa).

- продолжување со средување на имотно правни односи за постојните пензионерски домови; изградба на нови и на домови за стари лица;

-изнаоѓање на извори за подобрување на материјално-финансиската положба на здруженијата, отворање клубови на пензионери и други услови за секојдневни потреби на членството (донации, оставини, сопствени издвојувања за конкретни цели и сл.).

3. Подобрување на квалитетот на животот на пензионерите преку ангажирање и активности во:

- областа на спортот и спортувањето со натамошно организирање на пензионерски-спортски игри и натпревари на нивоа на ограноци во мај, регионални во јуни и републички во септември. За таа цел ИО ќе формира Организационен одбор кој ќе одреди места и термини и преземе сите потребни мерки и активности се до ниво на Републиката.Ќе се настои во овие активности да учествуваат сите здруженија со што е можно поголем број членови.По завршување на планираните активности ќе се издаде билтен.Непосреден организатор на овие активности ќе биде Комисија за спорт и рекреација на ИО на СЗПМ;

- областа на културно забавната активност главно ќе е исполнета со ревиски настапи на повеќе региони со песна, музика и игра. И за оваа потреба ИО ќе формира Организационен одбор кој ќе одреди и усвои конкретна програма и термини за да може Комисијата за културно забавен живот да ја реализира задачата. По завршување на ревиските настапи ќе се издаде билтен;

- Ќе поттикнува и подржи определби и конкретни активности на здруженија на пензионери за организирање на нивно членство и давање приредби за свои колеги и сограѓани, гостување кај други здруженија и во други места; литературни активности(конкурси за поетски и прозни творби, поетски вечери и читања); ликовно творење, ракотворби од различни видови и изложби на пензионерски трудови; различни средби со мотиви и поводи од оваа област и друго.

4. Соработката продолжува и во оваа година, главно:

- со здруженијата членки, поттикнувајќи ја соработката и помеѓу нив по сите прашања од заеднички интерес

- со органи, институции и служби на државата(Собранието, Владата,Министерствата,Фондовите за ПИОМ и здравство и др).

Со други здруженија на граѓани и нивни Сојузи, а особено со Сојузот на борци, Црвен Крст, други сојузи на пензионери, хуманитарни организации, МЦМС, Синдикатот и сл.

- со организации на пензионери од соседните и други земји.

5 .Подобрување-квалитативно и квантитативно- на информирањето во рамки на Сојузот и вон од него.Секогаш е корисно практикување на нови форми, на нови информации, на различни нивоа и сл.Ќе се направат напори за издавање на сопствено гласило во кое ќе бидат вклучени и ФПИОМ и други пензионерски фондови (МАПАС и Капиталниот Фонд) како и други пензионерски организации (доколку сите овие фондови и сојузи ја прифатат понудата). Гласилото би излегувало во поголем број примероци, на поголем број страници, приемчив за читање и користење и сл. Со тоа би се замениле „Пензионерските видици". За сето тоа треба да се обезбедат потребни средства, органи, простор и кадри и други услови.

Телевизиската емисија „Трето доба" ќе се настои да добие на содржина и квалитет преку договор со МТВ, покрај другото и во емитување во поприфатливи термини.

Ќе се продолжи со напорите на ниво на здруженијата за издавање на нивни информативни гласила, билтени, соопштенија, известувања, користење на локални медиуми од сите видови и слично.

Ќе се стимулираат јавувања од повеќе здруженија за различни случувања интересни за пензионерите.

6. Како секоја година и во оваа ќе се одбележи денот на пензионерите, 20 Септември и други значајни настани.

7. Сите работни тела на ИО ќе донесат свои оперативни програми.

Програмата е подложна на промени со внесување нови содржини наметнати од современото и конкретни потреби.

С.З.П.

Од работата на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ

# Финансиското работење на Фондот со позитивни ефекти

*- Остварени вкупни приходи над планираното, а пониски расходи од планираните со Буџетот на Фондот за 2007 година*

*- Зголемена ефикасноста во прибирањето на средствата од придонесите*

Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 2008 година, ја разгледа и донесе **Одлуката за усвојување на Завршната сметка на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2007 година, со Извештај за финансиско работење за истиот период.** Притоа, присутните со задоволство констатираа дека Фондот во 2007 година оствари позитивен финансиски резултат, што се должи на повеќе остварени вкупни приходи (34.053,25 милиони денари) над планираното, а пониски расходи (32.769,55 милиони денари) од планираните со Буџетот на Фондот за 2007 година. Поточно, како резултат на заедничката заложба на Стручната служба и на Управниот одбор на Фондот за преземање повеќе мерки и активности за остварување на планираните приходи од придонесите и редовното дозначување на средствата од Буџетот на Републиката кон Фондот, а секако и **рационалното и домаќинско однесување со средствата, придонесе 2007 година Фондот да ја заврши со позитивни финансиски ефекти.**

Треба да се истакне, дека една од приоритетните задачи на Стручната служба во Ценралата и подрачните единици на Фондот беше преземање неопходни и конкретни мерки за целосната наплата на придонесите. Притоа, за ефикасноста на оваа функција, особено придонесе и новиот процес за наплатата на придонесите, според кој, пресметување и задолжување на каматата се врши автоматско, а по кој основ **во овој период е наплатена камата од 148,00 милиони денари.**

Што се однесува на расходите во Фондот, истите, пред се, се однесуваат на исплатата на пензиите( 80,3%), трансферот на средствата за приватни пензиски фондови, надоместокот за телесно оштетување, надоместоците од инвалидското осигурување, придонесот за здравствено осигурување, други трошоци, капитални расходи, за купување и реконструкција на деловни објекти, како и надоместокот на Стручната служба.

За одбележување е дека други расходи во 2007 година се извршени под планираните за оваа година, што укажува дека Фондот рационално и наменски ги трошеше овие средства. Од нив најобемни се поштенските трошоци за исплата на пензиите. Исто така, пониски се и извршените расходи за платите и надоместоците на Стручната служба на Фондот во споредба со планираните за 10,4%, заради заминување на вработените во пензија. Истиот број е пополнет со нови работници во 2008 година.

**Бројот на корисниците на пензија**, со состојба на 31 декември 2007 година вкупно изнесува: **278.324 корисници**, од кои 150.075 се корисници на старосна пензија, што преставува повеќе од половина од бројот на корисниците(53,9%). Бројот на корисниците на семејна пензија изнесува 74.257 корисници (26,7%), на инвалидска пензија изнесува 48.054 корисници (17,3%), на воените пензии изнесува 2.560 корисници ( 0,9% ) и бројот на земјоделските пензии изнесува 3.288 корисници (1,2%).

**Просечниот износ на пензија** во декември 2007 година изнесува **7.848,50 денари** или за 2,1% повеќе од 2006 година, што е резултат на извршените усогласувања на пензиите и на висината на пензиите на приливот и одливот на корисниците на пензија. Учеството на просечната пензија во просечната плата (15.32 денари за ноември 2007 година) изнесува 51,2%.

Остварените средства по сите основи позитивно влијаеа врз целокупното работење на Фондот што придонесе **Фондот да ги изврши сите обврски кон корисниците на пензија во предвидените рокови, како и сите други обврски по основ на ова осигурување.**

**Во текот на целата година работата на Фондот беше ликвидна и во ниеден момент не беше доведена во прашање исплатата на пензиите и на другите негови обврски.** Дури, се согледа и можноста од 1 јануари **2008 година, исплатата да се врши истовремено на сите пензии, односно во една група.**

**Поволната финансиска состојба придонесе и да се преземат активности во насока на измена на законските прописи и во однос на усогласувањето на пензиите со повисок процент, со цел подобрување на материјалната положба на корисниците на пензија.**

Во продолжение на седницата, се донесе **Одлуката за основиците за пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци за 2008 година,** според која, индивидуалните земјоделци кои имаат катастарски приход до 900,00 денари, ќе бидат распоредени на најниската основица на осигурување од 4.703,00 денари и нивната месечна обврска во 2008 година ќе изнесува 971,00, односно годишно 11.652,00 денари.

На оваа седница, Управниот одбор на Фондот ја донесе и **Програма за работа на Управниот одбор** во која се зацртани **сите поважни, приоритетни и актуелни задачи, на кои тој ќе ја насочи својата активност во 2008 година.**

Анастасија Нелковска

# Успешна акција за пошумување



Во масовната акција „Ден на дрвото - Засади ја својата иднина" на 12 март во сите краеви на нашата земја учествуваа голем број пензионери. Во убавиот мартовски ден во засадувањето на над 2 милиони садници излегоа 153.000 граѓани, така што со пензионерите рамо до рамо беа ученици, деца, интелектуалци, земјоделци, работници, бизнисмени, полицајци , војници, службеници, естрадни уметници и други.

Оваа успешна граѓанска иницијатива и официјално е прогласена како досега најголема акција за пошумување спроведена во еден ден во Македонија и на Балканот.

Д.А.

# Постапка

Уставниот суд почна постапка за оценување на измените од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, во врска со солидарниот фонд за посмртни трошоци на пензионерите.

Социјалната грижа на државата кон пензиските осигуреници овозможува државата да одвои надоместок за оваа намена за која ќе обезбеди дополнителни средства од Буџетот не вклучувјаќи ги пензиите, наведуаат од Уставниот суд.

## МОЗАИК

Со слика и збор

# За Осми март - цвеќе и за пензионерките



По повод Меѓународниот ден на жената 8 март во повеќе здруженија на пензионери во нашата земја и годинава беа организирани пригодни манифестации, другарски средби , хуманитарни акции и слично, а поводно за празникот голем број пензионерки добија и свежо цвеќе.



И фотографиите што ги добивме од Скопје, Охрид, Пробиштип, Виница и други градови донекаде ја доловуваат пријатната атмосфера.И не само тоа.



Скопската општина Аеродром , по повод Осми март-Денот на жената, втора година по ред организираше ручок за 150 пензионерки од Пензионерскиот дом „ Јане Сандански", а како резултат на добрата соработка со истоимениот огранок на пензионерите и неговиот новоформиран Актив на жени-пензионерки и Здружението на пензионери „ Кисела Вода'.

Здружението на пензионерите во Пробиштип свечено ги додели наградите од конкурсот за поетски творби од ученици посветени на 8 март.

**К.С. А.К.**



Погледи

# Здрвствената заштита на пензионерите - приоритетна задача

Здравствената заштита и материјалната положба на пензионерите е едно од најважните прашања. Очигледно е дека реформите во здравството се одвиваат парцијално и селективно,без учество на осигурениците, без оглед дали се граѓани или пензионери. Тие воглавно се одвиваат според некои Европски стандарди и мислења на некои институции од таа област во земјава,но не и според финансиските можности кај нив и кај нас. Според тоа, право на здрвствена заштита,во правата смисла на зборот ќе имаат поимотните семејства како и оние вработени со поголеми, односно надпросечни примања, а останатите кој како ќе се снајде.



И по одржаниот прв јавен состанок, за состојбите во здрвството и здравствената заштита на пензионерите, што го оргнаизираше СЗПМ на ден 28.09.2007 година, по се што беше речено не дојде до соодветна реализација во прилог на ветеното, односно подобрувањето на здравствената заштита во прв ред во прилог на најзагрозените, односно на оние граѓани и пензионери со приходи од околу 100 евра, па дури и помалку од тоа.

Наспроти тоа, не е реализирана веќе донесената одлука за 56 нови лекови да бидат дел од позитивната листа, било да се болнички или индивидуални, додека изедначувањето на цените на лековите во сите аптеки и нивно јавно објавување веќе делимично се остварува. Цените пак, на болничките услуги се уште не се остваруваат, а стоматолошките се предлага да се зголемат за 30-50%.

Добро е што е зголемен бројот на лековите со намалени цени, нивното изедначување и јавно објавување, но, и покрај тоа постои сомневање во квалитетот на лековите, а како пример се наведуваат вакцините против грипозните заболувања, кои не беа така евтини, а во поголем број случаи се покажаа како неефикасни, потоа замена на лекови со послаб квалитет наменет за позитивната листа и слично.

Добро е и тоа што нема да има ограничување на рецептите кај матичниот лекар, додека ограничениот износ од 1850 денари што се однесуваат за пензионери како годишен трошок е нелогичен како за срцевите, така и за другите болни, особено и со евентуалното користење на ЕКГ услуги кај матичен лекар, што би било и нерационално, бидејќи две апаратури за ЕКГ услуги го задоволуваа центарот во Струга.

Реорганизацијата на здрвственииот сектор, сепак, се наоѓа во голема неизвесност, почнувајќи од поделбта на Клиничкиот центар која се наоѓа пред Уставниот суд, па се до набвката на лековите и на ветената опрема за матичните амбуланти, цените на услугите на сите нивоа, па можеби и ослободувањето од партиципацијата на осигурениците со над 65 годишна возраст. Остануваме во надеж за најдобри решенија.

Во врска со матејиалната состојба, а во прашањето на пензиите, тие еднократно се зголемија во просек од 15%, така што најниската пензија до 6.000 денари, се зголемува за 20%, а за оние пензионери со над 15.000 денари за 10%. Ваквата Одлука е добро примена од страна на пензионерите, но без особен коментар, дали износите ќе ги компензират животните трошоци, кои имаат тенденција на ново зголемување.

Една од позначајните активности беше и располагањето и доделувањето на средствата од Солидарниот фонд со кој располагаа здруженијата на пензионерите. Од нова година со Закон Солидарниот фонд го презеде и врши сервисирање Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија преку своите подрачни единици во Републикава.

СЗПМ заедно со здруженијата и пензионерите поднесоа над 50 иницијативи до Уставниот суд на Република Македонија за укинување на одредбите од членот 28 на Законот што се однесуваат на Солидарниот фонд, и истиот да се поврати во владеење на сопствениците, односно пензионерите.

Лично, не би сакал да се оствари моето предвидување, но мислам дека тоа нема ни да успее,со оглед дека законодавецот ја утврдува соработката со СЗПМ на начин што Сојузот секоја година ќе го утврдува износот на погребнината, додека фондот ќе го врши само сервисирањето, што би значело дека не се навлегува во сопственоста на средствата.

**Ѓурица Ристоски,**
**пресeдател на Здружение на пензионери Струга**

11 традиционална средба на инвалидските пензионери во Тетово

# Пријатна атмосфера за дружење и соработка



По повод 21 март Меѓународниот ден на инвалидите на трудот во Тетово, во организација на Здружението на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија се одржа 11-та традиционална средба која мина во пријатна атмосфера и дружење.



Пригодно средбата ја отвори претседателот на здружението **Југослав Аризанковски,** а за значењето на манифестацијата зборуваше **Гидо Бојчевски**, секретар на здружението во Тетово и претседател на Сојузот на здруженијата на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија на Македонија , порачувајќи поголема грижа на општеството кон инвалидизираните лица и нивно што поуспешно вклопување во секојдневието.

На средбата присуствуваа и гости од здруженија и асоцијации кои се фокусирани на инвалидската проблематика, меѓу кои беше и новиот претседател на Сојузот на инвалидите на Македонија Ѓорѓи Арсовски, со кого се разменети мислења за интегративно делување во услови на одредбите на новиот Закон на ПИОМ.

**Д. Арг.**

# Нова книга



Во Здружението на пензионерите во Куманово познатата поетеса **Миланка Миловановиќ-Зафировска** е меѓу најактивните и сестрано ангажираните пензионерки. Активен е член во КУД „Ѓоко Симоновски" како хорист, рецитатор, играорец и водител на програми. Поради своите долгогодишни истакнати активности во градот под Козјак таа е мошне респектирана личност, учителка која создаде успешни генерации, за што е добитник на највисокото звање во образованието „ Особено истакнат просветен работник" и на наградата „Кирил и Методиј". Во деведесетите години од минатиот век Зафировска објави и две книги на поезија „Свитања-Секања" и „Гарави сокак', а по долгата пауза при крајот на минатата година како пензионерка ја промовираше и збирката на раскази „Укус греха".

Новото дело ги презентира емоциите на авторот кои се таложеле од најраното детство и посебно од нејзината младост. Оваа нова книга на Миланка Миловановиќ-Зафировска посебно го нагласува исконското настојување на човекот да ја сочува човечноста, вербата и надежта и дека нема ништо погрдо од гревот кој ја корне душата и се враќа како бумеранг.




**Д.Аргировски**

## ФОТО ВЕСТ



Фото: И.Глигоров

Познатиот меѓународен шаховски мајстор **Димче Илиевски**, жител на општина Аеродром и активен пензионер деновиве во Клубот на пензионерите „Јане Сандански" одигра симултанка на 15 табли со членови на Здружението на пензионерите „Кисела Вода "-Скопје. Во интересна игра мајсторот извојува 11 победи и две реми, но претрпе и два порази од Ибро Идризовиќ и Милан Пецов. Ремизираше со Доне Тодоровски и Мио Бариќ.